Друштво за трговија и услуги
ТЕССА СЕЦ ДОО
Бр. 0307-1511/1
03.11.2025 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Архивски број: 03-11591/1.
Датум:
31-10-2025

АНЕКС НА ДОГОВОР
за јавна набавка на услуги – управувани услуги за превентивно и адаптивно одржување на сајбер безбедност

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул.„Даме Груев“ бр.12, 1000 Скопје, претставувано од м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, во понатамошниот текст: договорен орган и
2. Друштво за трговија и услуги ТЕССА СЕЦ ДОО Скопје, со седиште на ул.„Наум Наумовски Борче“ бр.40-1/1 во Скопје, претставувано од Филип Симеонов, во својство на управител, во понатамошниот текст: носител на набавката.

Член 1

Предмет на овој Анекс на Договор е измена на називот на носителот на набавката со кој е склучен Договорот за јавна набавка на услуги – управувани услуги за превентивно и адаптивно одржување на сајбер безбедност број 03-2146/1 од 17.02.2025 година и број 0307-24/1 од 18.02.2025 година, во согласност со член 23 и 24 од договорот и член 119 став 1 точка 5 од Законот за јавните набавки, а во врска со Решение под деловоден број 35020250022170 од 22.09.2025 година и Тековна состојба од 22.09.2025 година издадени од Централен Регистар на Република Северна Македонија.

Член 2

Во воведот на договорот, точка 2 во делот на називот на втората договорна страна и во делот во називот на потписникот кај носителот на набавката зборовите: „Друштво за трговија и услуги ЦПП УСЛУГИ ДОО Скопје“ се менуваат и гласат: „Друштво за трговија и услуги ТЕССА СЕЦ ДОО Скопје“.

Член 3

Останатите одредби од основниот Договор остануваат непроменети.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 629
www.finance.gov.mk

Член 4

Овој Анекс на Договор се применува од денот на потпишување на двете договорни страни.

Член 5

Овој Анекс на Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои 2 (два) примероци за носителот на набавката и 2 (два) примероци за договорниот орган.

| Договорен орган: | Носител на набавката: |
| --- | --- |
| РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СКОПЈЕ | Друштво за трговија и услуги ТЕССА СЕЦ ДОО Скопје |
| Министер за финансии<br>м-р Гордана Димитриеска-Кочоска | Управител<br>Филип Симеонов |

Изработил: Мариа Анѓелеска/Панче Чоневски
Контролирал: Рената Николоска
Даниела Јанкова
Проверил: м-р Маја Стаменковска Угриновска
Михајло Михајловски
Проверил: Андреј Ангеловски
Владимир Стојанов
Ирена Петковски
Согласен: д-р Андриана Матлиоска